**Известување за концентрација со која Телеком Србија АД, Белград, Србија ќе стекне контрола над ДОО ЗА КАБЛИРАЊЕ УВОЗ- ИЗВОЗ САТ-СИСТЕМ, БЕЛА ЦРКВА, Србија**

**(предмет бр. 08-117/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 24.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Претпријатието за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, со регистрирано седиште на улица Зорана Жунковиќа 23, Белград, Република Србија ќе стекне непосредна поединечна контрола над ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА КАБЛИРАЊЕ УВОЗ- ИЗВОЗ САТ-СИСТЕМ, БЕЛА ЦРКВА со регистрирано седиште на улица Војвоѓански бригади бб, солитер Б, 26340 Бела Црква, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телеком Србија** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Поврзани лица на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги : јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје, кое работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга, *МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје* е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.
- Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар Борис Трајковски бр.5, Кисела Вода, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА КАБЛИРАЊЕ УВОЗ- ИЗВОЗ САТ-СИСТЕМ, БЕЛА ЦРКВА е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина.

ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА КАБЛИРАЊЕ УВОЗ- ИЗВОЗ САТ-СИСТЕМ, БЕЛА ЦРКВА нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар за предметната концентрација да биде малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина, на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.07.2026 година
Скопје